ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0302-118/9
Дата, Data 22-04-2024
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 52 став 1 од законот за административни службеници Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/2019, 14/20, 215/21 и 99/22), Директорот на ЈП Водовод и канализација – Скопје донесува:

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат по интерен оглас број 01/2024

За извршител на работно место:

1. Раководител на Одделение за општи работи, во Одделение за општи работи, во Сектор Правни и општи работи, со шифра КДР0102Б04064, ниво Б04, 1 (еден извршител), се избира кандидатот:

   **Горан Михајлов**

2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од став 1 на оваа Одлука по завршувањето на постапката за избор и конечноста на Одлуката, за што ќе се донесе решение за унапредување на административниот службеник.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 05.01.2024 година на веб страната на ЈП Водовод и канализација- Скопје и веб страната на Агенцијата за администрација, беше објавен оглас за пополнување на работното место: **Раководител на Одделение за општи работи, во Одделение за општи работи, во Сектор Правни и општи работи, со шифра КДР0102Б04064, ниво Б04, 1 (еден извршител)**, со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник, формирана со Решение бр.0302-118/5 од 16.01.2024 година, по спроведена административна селекција и разгледување на пријавите и изводите од персоналните досиеја на пријавените кандидати констатира дека на интерниот огласот вкупно е пријавен 1(еден) кандидат со пријава со арх.бр.0302-118/4 од 09.01.2024 година доставена од административниот службеник Горан Михајлов која е уредна, и за тоа состави Записник од административна селекција бр. 0302-118/7 од 18.01.2024 година кој го достави до Директорот.